„Ако му речеш на твојот другар: ‚Молчи!‘ во петок, додека имамот држи хутба, тогаш си направил престап.“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Ако му речеш на твојот другар: ‚Молчи!‘ во петок, додека имамот држи хутба, тогаш си направил престап.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува дека едно од обврзувачките правила за оној кој присуствува на петочната хутба е должноста да го слуша хатибот, со цел да размислува за поуките и советите. И оној кој ќе прозбори, дури и најмалку, додека имамот ја држи хутбата – па ќе му рече на другиот: „Молчи“ или „Слушај“ – ја губи вредноста и потполноста на наградата од џума намазот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3107